Архивски број: 02-7264/2
Датум: 26.08.2024

До: Државен завод за ревизија
Ул. Павел Шатев бр. 2, Палата Еманоел Чучков
Скопје

Предмет: Забелешки на Нацрт извештаите на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година за Министерството за култура, за сметка на основен буџет (637-10) и сметка на основен буџет (637-12)

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено / Pranuar më: 03.09.2024
Орг. Един. / Nj. org. | Број / Nr. 23-141/14 | Прилог / Bitoja | Вредност / Vlera

Почитувани,

Во врска со добиените Нацрт извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година за Министерството за култура, за сметка на основен буџет (637-10) и сметка на основен буџет (637-12), заведени под арх.бр.23-141/12 од 24.07.2024 година на Државниот завод за ревизија и под наш арх.бр.02-7264/1 од 26.07.2024 година, согласно позитивните за и внатрешните акти, Министерството за култура и туризам, во прилог на ова писмо ви доставува забелешки, како одговор на изготвените нацрт извештаи од страна на Државниот завод за ревизија.

Во прилог на овој допис ви ги доставуваме Забелешките на Министерството за култура и туризам (Прилог: 1).

Посочувме дека Министерството за култура и туризам очекуваше дека предмет на ревизија ќе бидат и:

1. Имплементација на одредбите од истечениот Колективен договор за културата („Сл.весник на РСМ" бр.10/20), особено во делот на примената на одредбите од колективниот договор (од член 63 до член 84), кои се однесуваат на исплата на плата, додатоци на плата и надоместоци на плата за вработените во институциите од областа на културата (национални и локални установи) каде се применува, каде во периодот од неговото склучување 2020 година, па се до овој момент 2024 година, на месечно ниво се врши исплата по различни основи од Буџетот на РСМ, без притоа од страна на овластениот државен орган ДЗР истото да се исконтролира и да се провери законитоста и основаноста на ваквите исплати,

Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Гуро Гаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
38923207413
www.kultura.gov.mk

2. Во делот на превземањето и реализацијата на проектот од областа на инвестициите кој се однесува на објектот за ЈУ Универзална сала во Скопје,

3. Работи коишто се однесуваат на извршени расходи по основ на направени трошоци во делот на користењето на службената платежна картичка и правото на репрезентација при службени патувања на претходното раководство на Министерството за култура за периодот 2023 година.

Ве молиме во однос на констатациите наведени од точка 1 до точка 4 да не известите за вашето дополнително постапување по однос на истите.

Со почит,

МИНИСТЕР

Зоран Љутков

Изготвиле:
Катерина Пејкова, државен советник
Фросина Ѓоршовска, раководител на Сектор
Маја Седрак, раководител на сектор
Бранко Костовски, раководител на сектор